Бр./Nr 12-99/2

03-06-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 69-тата седница одржана на 01.06.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-99/1 од 08.01.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-99 од 2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-99/1 од 08.01.2021 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ///. Во пријавата подносителот наведува дека Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (во понатамошниот текст: Фондот) погрешно го пресметал износот на средства кои подносителот требало да ги врати за периодот од 9-ти до 31-ви октомври 2020 година, по основ на исплатена пензија на починат пензионер – брачен содружник на подносителот. Наведува дека иако поднел барање за преиспитување на пресметката за поврат на средствата, од страна на Фондот не било постапено по истото. Од ДКСК бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата доставени се докази.

По разгледувањето на предметните наводи од пријавата и доставените докази, ДКСК констатира дека во случајот нема елементи кои укажуваат на коруптивно дејство од страна на службени лица. Оттаму, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за нејзино надлежно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата.

Изготвил: м-р Д. Д.
Одобрил: К. Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk